Ерменската висорамнина има видено на својот век многу прекрасни нешта: пагански храмови со жртвени ора, свртени кон сонцето дланки обоени со кана на свештениците и свештеничките; апостолски цркви со зашилени кубиња – бедно украсени, аскетски, во годините на туѓото владеење молчаливи, но непокорени; домашни ткаени килими – копринени или од тешка волнена преѓа, огромни, со кармин шари вортан кармир[1]; песнопеења што ти ја кинат душата – песната на орачот, песната на зората, песната на жетвата, песната на оние што испраќаат некого во војна, песната на оние што пречекуваат некого од војна. Песна што успива и песна што буди. Песна што исцелува и песна што оплакува...

Ерменската висорамнина е натопена со крв и солзи. Многу мака има видено на својот век: бесконечни војни – исцрпувачки, неправедни, жестоки; меѓусебни – братоубиствени, кои ја распарчувале земјата. Секој освојувач, било да е тоа Сасанидска Персија, Татаро-Монголите или Отоманска Турција, непроменливо се придржувале до истата тактика – откако ќе ја покореле земјата, го преселувале месното население на нови територии – народот лишен од историските корени побрзо се асимилира и ја губи својата национална самобитност. Опустените земји ги населувале туркиски номадски племиња.

Особено тешко е за време на владеењето на персискиот шах Абас I. Како што сведочат историчарите, Абас

1 Штитоносна вошка, мали црви кои живеат во корењата на растенијата, од кои се добивала наситена алова боја. Кармин аловата боја така и ја викале – вортан кармир. (Заб. на авторот).

І го протерува длабоко во Персија речиси целото население на Ерменија, а големите ерменски градови просто ги збришува од лицето на земјата. Тој е далековид владетел и сфаќа дека луѓето секогаш ќе се враќаат ако има каде да се вратат.

Единствени кои не се потчинуваат на указот на шахот се Ерменците од Карабах. Карабашките мелики – кнезовите – го собираат својот народ, заминуваат во непристапните планини и организираат таков силен отпор што персискиот шах крева раце – ѓавол да ги носи, нека живеат во нивните карпести клисури, сеедно ќе испоумрат од глад.

Карабасите не умираат од студ. По некое време ги напуштаат клисурите, се симнуваат во низините и го организираат Карабашкото канство – пет кнежевства обединети во Хамса[2]. Карабашката Хамса се покажува како пресилна за номадите – тие одново и одново јуришаат на непристапните земји и со големи загуби, со прстот в уста, се повлекуваат. Постепено, во бунтовниот крај почнуваат да се слеваат Ерменците, кои, спасувајќи се од инвазијата, се криеле во висорамнините – Тавушката и Лорискатa. Притиснати од налетите на туркиските племиња, тие се концентрираат во единствениот неосвоен бастион – источниот фрагмент од некогаш огромната и моќна Голема Ерменија – Нагорно-Карабах. Ги примаат со раширени раце и ги обезбедуваат со сместување, храна и оружје.

Еден студен февруарски ден од север, од клисурата на планината Мургуз, пристигнува конвој натоварен со најнеопходните работи – осумнаесет големи запрежни коли. Четири тавушки фамилии доаѓаат да побараат прибежиште – Мелкумјан, Меликјан, Атојан и Меликбекјан. Од сто и педесет души до местото успеваат да стигнат осумдесет и седум, оста-

2 Од ерменски „хамс“ - пет. (Заб. на авторот).

натите починуваат од студ, глад и болести – преминот преку ледениот превалец се покажува долг и мачен. Два века Карабах е нивно прибежиште – сè додека војската на Руската империја не навлегува во Закавказјето и не извојува значителен дел од него. Доаѓањето на Русите го означува крајот на повеќевековното понижувачко ропство.

На почетокот на XIX век неговото императорско величество Александар I, а потоа и неговиот син Николај I, во обид да ги направат предвидливи и управливи покраините на Руската империја, се зафаќаат со грандиозен проект – етничко разграничување и преселување на закавкаските народи од местата на нивниот таканаречен принуден престој во нивните историски места. Со првиот бран преселници дома се враќаат потомците на оние четири тавушки фамилии. Тие ги донесуваат со себе карабашкиот дијалект, кујната и традициите. Под урнатините на старата тврдина ги подигаат своите нови сакљи[3] – старите се разурнати од номадите. И почнуваат од камените печки да се издигаат кон небесата прозирни прамени од чад, и ја почнуваат петлите својата победничка песна на зората, и почнуваат да чукаат тешките чекани на ковачите – мажите од родот Меликјан од памтивека се добри оружари, најдобрите во Тавуш. И почнува да се плете во чудна шарка волнената преѓа – жените од родот Мелкумјан ги создаваат познатите килими „технахунџ“, светложолти отстрана и со темен дезен во центарот, со бесконечен преплет на знаци и симболи по краевите украсени со копринени реси.

3 Сакља – (од груз. сахли „куќа, градба“) – камена градба на жителите на Кавказ и во земјите на Блискиот Исток. (Заб. на прев.).

И одново се појавува на дланката на светот гратчето Берд, на времето разурнато до темел, наречено во чест на старата полуразурната тврдина што се извишувала на врвот на лисестата планина. Зашто „тврдина“ во превод на ерменски е „берд“.